Врз основа на член 50 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 30 став (6) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 јули 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одземање на лиценца за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија со течен нафтен гас (ТНГ)**

1. СЕ ОДЗЕМА лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија со течен нафтен гас (ТНГ) на Друштвото за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес, издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ) бр.02-608/1 од 5 април 2007 година, изменета и продолжена со Одлука бр.11-42/17 од 6 април 2017 година и Одлука бр. 11-42/17 од 21 јануари 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.45/07, 45/17 и 17/19), со евидентен број на издадената лиценца НД- 10.03.1/07.2/17, поради тоа што носителот на лиценца престанал да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

До Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) на 26 март 2021 година доставено е Известување од Комерцијална Банка АД Скопје, со кое службите на банката ја известија Регулаторната комисија за енергетика, дека настанала промена на сопственоста на складот за (ТНГ) на носителот на лиценца Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија со течен нафтен гас (ТНГ), Друштвото за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес (во понатамошниот текст: Друштвото).

Во прилог на известувањето беа доставени копии од:

- Заклучок за извршена продажба на недвижен имот (врз основа на член 186 став (6) од Законот за извршувње) И.бр.617/19 од Извршител Мики Лазаров именуван за подрачјето на Основниот суд Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино,
- Заклучок за поправање на грешки -дополнување во актите на извршителот (врз основа на член 10 став (1) од Законот за извршување и член 331 од Законот за парничната постапка) И.бр.617/19 од Извршител Мики Лазаров,
- Записник за продажба на предмети со усно јавно наддавање (врз основа на член 109 став (6) од Законот за извршување) И. бр. 616/2019 од 28.11.2020 година, од Извршител Мики Лазаров,
- Имотен лист бр.1428 КО Оризари вон град од 17 февруари 2021 година,
- Имотен лист бр.1187 КО Оризари вон град од 17 февруари 2021 година,
- Имотен лист бр.1091 КО Оризари вон град од 17 февруари 2021 година, сите од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

По добивање на сознанијата а согласно член 50 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 30 став (2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21)

како и обврските дефинирани со лиценцата, Регулаторната комисија за енергетика, со писмено известување бр.11-42/17 од 6 април 2021 година, го извести Друштвото за сознанијата за настанатите промени и го задолжи во рок од 7 (седум) дена од приемот на известувањето да се произнесе во врска со настанатите промени на сопственоста на резервоарските капацитети, кои се причина за отпочнување на постапка за одземање на лиценца. Друштвото го прими известувањето на 16 април 2021 година, видно од Повратница /извештај за врачување /исплата/книжење RB 19666869214.

На 26 април 2021 година Друштвото достави Одговор на известување УП1 бр.11-42/17 со кое ја извести Регулаторната комисија за енергетика дека поради блокирање на жиро сметката не може да ја врши дејноста.

Со вака настанатата промена на сопственоста, Друштвото престана да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата од член 50 став (1) точка 5) од Законот за енергетика* и член 30 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци.

Со оглед на тоа што Друштвото не достави доказ дека поседува основни средства во сопственост или на користење за вршење на енергетската дејност, а кои се основа за издавање на лиценцата, Регулаторната комисија за енергетика донесе Одлука за започнување на постапка за одземање на лиценцата за Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија со течен нафтен гас (ТНГ), („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.107/21).

Регулаторната комисија за енергетика со споменатата одлука согласно член 50 став (4) од Законот за енергетика и член 30 став (4) од Правилникот за лиценци го задолжи Друштвото, да преземе мерки и активности за обезбедување на основни средства за вршење на дејноста за која е издадена лиценцата и да достави до Регулаторната комисија за енергетика доказ за право на сопственост или право на користење на основните средства - резервоари за вршење на дејноста.

Друштвото не постапи по задолжувањето со одлуката и не ги исполни обврските во оставениот рок.

Согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги бр.01-898 од 30 март 2020 година, ако за одлучување по прашањата од став (3) точки 4), 5) и 6) од член 5 Регулаторната комисија за енергетика утврди дека нема потреба од одржување на подготвителна седница, ќе донесе решение актот за кој се одлучува да се донесе на седница без одржување на подготвителна седница.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест, а во интерес на зачувување на здравјето на странките Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение Решение бр.02-1283/1 од 12 јули 2021 година година, одлучи да се одржи седница за донесување на ова решение, без одржување на подготвителна седница.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-42/17**
**12 јули 2021 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 50, paragrafi (5) i Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 30, paragrafi (6) të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 korrik 2021, miratoi

**V E N D I M**
**për marrjen e licencës për kryerjen e veprimtarisë energjetike - tregti me shumicë me naftë të papërpunuar, me derivate të naftës, me biokarburante dhe me karburante për transport - tregti me gaz të lëngshëm të naftës (LPG)**

1. I MERRET licenca e kryerjes së veprimtarisë energjetike të tregtisë me shumicë me naftë të papërpunuar, me derivate të naftës, me biokarburante dhe me karburante për transport - tregti me gaz të lëngshëm të naftës (LPG) të Shoqërisë së Tregtisë me Shumicë dhe me Pakicë, të Gastronomisë dhe të Turizmit MARIJA TREID SHPK import-eksport Veles, të lëshuar me vendimin për lëshimin e licencës së kryerjes së veprimtarisë energjetike të tregtisë me shumicë me derivatin e naftës gaz i lëngshëm i naftës (LPG).
   nr.02-608/1 datë 5 prill 2007, e ndryshuar dhe e plotësuar me Vendimin nr.11-42/17 datë 6 prill 2017 dhe me Vendimin nr. 11-42/17 datë 21 janar 2019 („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr.45/07, 45/17 dhe 17/19), me numër evidentues të licencës së lëshuar DN - 10.03.1/07.2/17, pasi bartësi i licencës nuk i plotëson më kushtet për kryerjen e veprimtarisë energjetike, për të cilën është dhënë licenca.

2. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 11-42/17**
**12 korrik 2021**
**Shkup**

**Kryetari**
**i Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Марко Бислимоски**